МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018



Број 21 Година XVI

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА
# ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ, ноември 2022

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -901, 02/3055-902*
*www.karpos.gov.mk; sovet@karpos.gov.mk*

Врз основа на член 50, а во врска со член 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), согласно со член 55, став 2, алинеја 8 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021 ), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

РЕШЕНИЕ
**за објавување на Решение за разрешување на директор на основното општинско училиште „Којдан Чернодрински“, Општина Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решението за разрешување на директор на основно општинско училиште „Војдан Чернодрински“, Општина Карпош Скопје, бр.11-8088/4 од 14.11.2022 година, донесено од Градоначалникот на Општина Карпош.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-8088/7**
**Датум: 14.11.2022 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Број: 11-8088/4
Датум: 14.11.2022 година
Скопје

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во согласност со член 116, став 2, алинеја 1, а во врска со член 115, став 3 од Законот за основното образование (Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 161/19 и 229/20) и член 42, став 3 од Статутот на ООУ „Војдан Чернодрински“ Општина Карпош Скопје, Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## РЕШЕНИЕ
**за разрешување на директор на основно општинско училиште „Војдан Чернодрински”, Општина Карпош – Скопје**

1. Со ова решение се разрешува КАТЕРИНА ТАШКОВА директор на основно општинско училиште „Војдан Чернодрински“– Општина Карпош – Скопје, пред истекот на мандатот на кој е именувана, поради сторени повреди на законите и другите прописи и акти и поради пречекорување на овластувања, заклучно со 14.11.2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
Претседателот на училишниот одбор ООУ „Војдан Чернодрински“ до Градоначалникот на Општина Карпош на ден 21.10.2022 година доставил Барање бр.53-8088/1 за донесување на одлука за објавување на оглас за избор на директор.
Училишниот одбор на ООУ „Војдан Чернодрински“ се состанал на ден 10.11.2022 година и донел Одлука за објавување Оглас за избор на директор, видно од објавениот оглас. Одборот ја усвоил Одлуката, по што претседателот на училишниот одбор, преку стручните служби во училиштето објавил Јавен оглас за избор на директор на училиштето во дневниот весник Нова Македонија издаден на 11.11.2022 година, при тоа не почитувајќи ги статутарните одреби, особено членот 42, став 3 од Статутот на училиштето кој недвосмислено дефинира дека „По дадената одлука од Градоначалникот Училишниот одбор распишува оглас за избор на директор“ и без добиена согласност од Градоначалникот на Општина Карпош објавил оглас.

Овластен претставник од Општина Карпош на ден 11.11.2022 година го посетил училиштето со намера да провери зошто е објавен оглас без согласност од Градоначалникот, при што го затекнал училишниот одбор на седница, на која присуствуваала и директорката Катерина Ташкова. Седницата на училишниот одбор се одржувала во канцелариите на директорот. Во моментот на влегувањето на претставникот од општина, претседателот на училишниот одбор ја водел седницата и истата ја затворил во присуство на претставникот од општина. По завршувањето на седницата, директорот на училиштето повикал претставници од учениците да присуствуваат на истата.
На дневниот ред за работа на училишниот одбор помеѓу другите точки, училишниот одбор разледувал и Донесување одлука за објавување јавен оглас за избор на директор на ООУ „Војдан Чернодрински“ и Донесување Одлука за формирање на три члена комисија која ќе ги разгледа молбите на кандидатите кои ќе аплицираат на огласот.
Директорот на училиштето сторил повреда на законски и подзаконски акти и ги пречекорил своите овластувања, на начин што присуствувал на седница на училишен одбор на кој се разгледувале и усвојувале одлука за распишување оглас за избор на директорт и одлука за формирање на комисија која треба да ја спроведе постапката за избор на директорт и на тој начин извршила влијание врз членовите на училишниот одбор како и врз членовите на комисијата за избор на директорт.

Директорот Катерина Ташкова сторила повреда на законите и други прописи и акти и ги пречекорила своите овластувања пред се, на начин што била присутна на седницата на училишниот одбор на која на Дневен ред биле предвидени и усвоени точките: Одлука за објавување на јавен оглас за избор на директор во ООУ „Војдан Чернодрински“ и Одлука за формирање на три члена комисија која ќе ги разгледа молбите на кандидатгите кои ќе аплицираат на огласот за директор.
Видно од Известувањето изготвено од овластениот претставник од Градоначаникот, директорот и училишниот одбор на училиштето сториле низа повреди и неправилности, пред се врз основа на член 113, став 1, алинеја 22, директорот го обезбедува извршувањето на одлуките на училишниот одбор. Член 108, став 1, алинеји 6, 7 и 8 објавува јавен оглас за избор на директор во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик; врши интервју со кандидатите за директор и предлага на градоначалникот на општината односно на министерот еден кандидат од пријавените кандидати на објавениот јавен оглас за избор на директор. Директорот на училиштето

и училишниот одбор на училиштето се два независни органи и законот прецизно ги дефинира нивните обврски.

Претставникот од Општина Карпош не добил одговор на прашањето зошто е објавен оглас без добиена согласност од Градоначалник и исто така не добил одговор на информацијата дадена од директорот на училиштето дека истиот е повлечен која е причината за повлекувањето, како што не добил одговор ниту на констатацијата дека директорот на училиштето не смее да присуствува на седници на училишниот одбор на кои се расправа за постапка за избор на директор и се избира комисија која ќе ја спроведува постапката.

На ден 12.-13.11.2022 година (викенд издание) во дневните весници „Нова Македонија“, „Вечер“ и „Коха“ повторно е објавен Јавен оглас за избор на директор на училиштето, со иста содржина и со ист датум на Одлуката за распишување на јавен оглас за избор на директор на училиштето донесена од страна на училишниот одбор на училиштето на ден 10.11.2022 година, на која се темели огласот.

Член 115 од Законот за основното образование во ставовите 3 и 4 дефинира сека градоначалникот, односно министерот, три месеца пред истекот на мандатот на постојниот директор донесува одлука училишниот одбор на училиштето да објави јавен оглас за избор на директор и дефинира дека доколку градоначалникот, односно министерот, не постапи во утврдениот рок, училишниот одбор објавува јавен оглас за избор на директор.

Катерина Ташкова е избрана на функцијата директор на ООУ „Војдан Чернодрински“со мадат од 4 години на ден 09.01.2019 година. Училишниот одбор имал обврска да достави благовремено барање до градоначалникот за донесување одлука училишниот одбор на училиштето да објави јавен оглас за избор на директор, со цел да го испочитува законски предвидениот рок (во конкретниот случај 09.10.2022 година), но тоа не го сторил и по истекот на дефинираниот рок од 3 месеци, поточно на 21.10.2022 година, до Градоначалникот на Општина Карпош доставил Барање бр.53-8088/1 за донесување на одлука за објавување на оглас за избор на директор.

Врз основа на гореизложеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба против ова решение во рок од 8 дена од денот на приемот на истото, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка на работен однос во втор степен.

Изготвил: Ивана Ордевска

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Доставено до:
- ООУ „Војдан Чернодрински“ ,
- Именуваната,
- Сектор за дејности од јавен интерес и
- Архива.

Врз основа на член 50, а во врска со член 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), согласно со член 55, став 2, алинеја 8 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021 ), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Решение за именување вршител на должноста на директор во основното општинско училиште „Војдан Чернодрински“, Општина Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решението за именување вршител на должноста на директор во основно општинско училиште „Војдан Чернодрински“, Општина Карпош Скопје, бр.11-8088/5 од 14.11.2022 година, донесено од Градоначалникот на Општина Карпош.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-8088/8**
**Датум: 14.11.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Број: 11-8088/5
Датум: 14.11.2022 год.
Скопје

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во согласност со член 118, став 1, став 4 и став 5 од Законот за основното образование (Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 161/19 и 229/20), Градоначалникот на Општина Карпош го донесе следното

РЕШЕНИЕ

**за именување вршител на должноста на директор во основно општинско училиште „Војдан Чернодрински“, Општина Карпош - Скопје**

1. Со ова решение за вршител на должноста на директор во основно општинско училиште „Војдан Чернодрински“– Општина Карпош – Скопје, се именува лицето ВЕРИЦА НЕТКОВА ПРОЈЧЕВА, **вработена во училиштето од редот на стручната служба, на работно место библиотекар.**
2. Функцијата вршител на должноста на директор именуваната од точка 1 на ова Решение ќе ја врши сметано од 15.11.2022 година, а до именување на нов директор, но не подолго од шест месеци од неговото именување.
3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

ПРАВНА ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба против ова решение во рок од 8 дена од денот на приемот на истото, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка на работен однос во втор степен.

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

**Доставено до:**

- ООУ „Војдан Чернодрински“ ,
- Именуваната,
- Сектор за дејности од јавен интерес и
- Архива.

СОДРЖИНА

1. Решение за разрешување на директор на основно општинско училиште „Војдан Чернодрински“, Општина Карпош-Скопје, со Решение за објавување
2. Решение за именување вршител на должноста директор на основно општинско училиште „Војдан Чернодрински“, Општина Карпош-Скопје, со Решение за објавување.

Издавач:
Општина Карпош
Уредува: Сектор за правни работи
Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2
Тираж: 25 примероци